**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

01.08.2026 година

# Распис - Правилник за XXXIV Екипен Шампионат на Македонија за 2026 год

1. Шаховската федерација на Македонија, **од 22 август - 29 август 2026** година во хотел "ДИПЛОМАТ" СТРУГА, го организира XXXIV Екипен Шампионат на Македонија во шах за 2026година.
2. На Екипното првенство на Македонија за 2026 г. право на настап имаат:
   - **Алкалоид (Скопје),**
   - **Мулти Есенс (Скопје)**
   - **Гамбит Ассеко-Сее (Скопје),**
   - **Нов Напредок (Штип),**
   - **Гостивар (Гостивар),**
   - **Прилеп (Прилеп),**
   - **ГШК Куманово 1 (Куманово),**
   - **Шкупи (Скопје)**
   - **Фламуртари (Радолишта),**
   - **АнПасан СЕШ ( Шипковица)**

   За да може да настапат на првенството неопходно е екипите да се регистрирани во ШФМ со платена членарина за 2026 година и да имаат Решение за вршење дејност спорт издадено од Министерство за спорт или од Агенцијата за Млади и Спорт.
3. **Последен рок за пријавување на екипите е 12 август (среда) 2026 година**. Бројот на пријавените играчи за состав на екипата е ограничен на максимум 12 шахисти. Во пријавата **задолжително да стои и ФИДЕ кодот на шахистот**.

   По пријавувањето на составите на екипите, истите ќе бидат објавени на chess-results.com
4. Основниот состав се одредува по рејтинг и е ограничен на максимум 12 шахисти (6 во основен состав + 6 резерви). Дозволено е отстапување од ова правило, со ограничување дека шахист која има 100 или повеќе рејтинг поени не може да биде пријавен на пониска табла од друг шахист. Конечниот распоред по табли се пријавува на Техничката конференција. Редоследот по табли не може да се менува до крајот на натпреварувањето.
5. Мечевите се играат на 6 (шест) табли со 6 (шест) резерви. Во клубовите може да настапуваат и регистрирани странци, **но не повеќе од двајца по меч**.
6. Системот на игра е по Бергеров систем (секој со секого) по меч бод систем. За победа во меч се добиваат два бода, а за нерешен резултат еден бод. При ист број на меч бодови одлучува:
   a. Успех со победници - Extended Sonneborn-Berger for teams (ESB) (1,0,0,0,0) [82]
   b. Меѓусебна средба(и) - Results in same point group according to Match Points [14]
   c. Поени по табли - Points (game points) [1]

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

d. Успех по табли - Board count (BC) [78]

7. Техничката конференција и определување турнирски броеви ќе се изврши на **22 август (сабота) со почеток во 13:00 h.**
Со предавањето на основниот состав, секоја екипа е должна да именува свој капитен и да го назначи во составот.

8. Распоред за игра:

| | | |
|---|---|---|
| Техничка конференција | 22 Август (сабота) | 13:00 h |
| коло I | 22 Август (сабота) | 16:00 h |
| коло II | 23 Август (недела) | 10:00 h |
| коло III | 23 Август (недела) | 16:00 h |
| коло IV | 24 Август (понеделник) | 16:00 h |
| коло V | 25 Август (вторник) | 16:00 h |
| коло VI | 26 Август (среда) | 16:00 h |
| коло VII | 27 Август (четврток) | 16:00 h |
| коло VIII | 28 Август(петок) | 16:00 h |
| коло IX | 29 Август(сабота) | 10:00 h |

9. Секоја екипа си назначува капитен. За секој натпревар (коло) капитенот на екипата го предава составот на екипата во времето дефинирано во табелата подолу и го потпишува протоколот со резултатот на крај на мечот. Во салата каде се игра се строго забранети разговори меѓу играчите и други лица. Дозволен е контакт со капитенот само во присуство на судијата. Капитенот не смее да дава никакви насоки или совети во врска со шаховските партии кои се играат. Капитенот може да одговори само со ДА или НЕ на прашањето од играчот дали да прифати реми и тоа исклучиво во присуство на судијата. Капитенот не смее да стои позади противничката екипа за време на играта.

| | | |
|---|---|---|
| коло I | 22 Август (сабота) | 14:00-14:30 h |
| коло II | 22 Август (сабота) | 21:30-22:00 h |
| коло III | 23 Август (недела) | 14:00-14:30 h |
| коло IV | 24 Август (понеделник) | 10:00-10:30 h |
| коло V | 25 Август (вторник) | 10:00-10:30 h |
| коло VI | 26 Август (среда) | 10:00-10:30 h |
| коло VII | 27 Август (четврток) | 10:00-10:30 h |
| коло VIII | 28 Август (петок) | 10:00-10:30 h |
| коло IX | 28 Август (петок) | 21:30-22:00 h |

10. Првенството се игра според правилата на ФИДЕ за стандарден шах. Правилата на FIDE за екипни натпревари важат за се што не е предвидено со овој Правилник. Првенството ќе се рејтингува во ФИДЕ.

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

11. Темпо на игра е 90 минути до крајот на партијата по играч, со додаток од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.
12. Толеранција на доцнење е 30 минути. Доколку некој играч се појави подоцна во салата за игра на своето место, ја губи партијата со контумација.
13. Екипата не може да го започне мечот доколку не се присутни повеќе од 50% од шахистите, односно најмалку 4(четири) шахисти.
14. Победникот на Шампионатот е првак на Македонија за 2026 година. Првите осум пласирани екипи го задржуваат статусот на членови на првата лига за 2027 година. Последните две екипи ќе се натпреваруваат во втората лига во 2027 година.
15. ШФМ **не покрива** дел од хотелските трошоци за клубовите кои настапуваат во лигата
16. Организаторот обезбедува сала за игра, фигури и часовници.
17. Ако една екипа ги започне, а не ги заврши натпреварите, губи право на настап на Екипните натпревари за следната година.
18. Доколку една екипа загуби повеќе од половината партии на една табла (најмалку 5 партии од 9 кола) со контумација, неоправдано поради неприсуство на играч, губи право на настап на Екипните натпревари во следната година.
19. Забрането е носење и употреба на мобилни телефони, таблети, смарт часовници и слични електронски уреди во салата за игра.
20. Судијата и неговиот тим имаат право да направат "фер-плеј"проверка согласно правилникот на ФИДЕ за "фер-плеј" на секој играч пред почетокот, за време и веднаш по завршувањето на партијата.
21. Натпреварувачите се должни да го почитуваат ФИДЕ кодексот за пристојно облекување за време на мечевите.
22. Турнирскиот одбор сочинет од 3 члена ќе биде именуван на Техничката конференција.
23. Главен судија на турнирот ќе биде ИА Иван Кочовски. Помошници ќе бидат НА Борис Лушевски и НА Зури Арслани
24. Пријавување на екипите на email: **secretary@chessmkd.com**
25. Цени во хотел ДИПЛОМАТ - Струга

| Тип на соба | Тип на услуга - полн пансион |
|---|---|
| Еднокреветна соба | 3.214,00 денари |
| Двокреветна соба | 2.318,00 денари по лице |
| Трокреветна Соба | 2.000,00 денари по лице |

Скопје

Шаховска Федерација на Македонија

01.08.2026

Секретар

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

Александра Гакидова